**Известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ Германија стекнува контрола над Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија**

**(предмет бр. 08-142/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.09.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Шмиц Каргобул АГ со седиште на ул. Банхофштрасе 22, 48612 Хорстмар, Германија стекнува контрола над Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија**,** со седиште на ул. Ретенбах бр. 10а, 6241 Радфелд, Австрија, преку стекнување на удел во основната главнина.

Шмиц Каргобул АГ е фамилијарно друштво со седиште во Германија кое произведува и дистрибуира полу-приколки и приколки. Тој произведува производи за транспорт на стоки во различни индустрии, вклучувајќи храна, пијалоци, замрзнати стоки, фармацевтската индустрија, земјоделството и шумарството, пошта, градежни материјали и автомобилската индустрија.

Шмиц Каргобул АГ е присутен на пазарот на територија Република Северна Македонија како единствен основач на Друштвото за трговија и услуги ШМИЦ КАРГОБУЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден со седиште на ул. 34 бр. 3, 1000 Скопје, со претежна дејност „неспецијализирана трговија на големо“.

Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија е друштво кое е специјализирано во дизјанирање и производство на опрема за лесен трнспорт, поточно лесни завесни полу-приколки и дизајни на шасии за танкери. Дополнително на ова, фокусот и искуството на друштвото е во областа на лесни конструкции и оптимизација на носивост.

Производството е наменето за различни индустрии вклучително и храна, пијалоци, градежни материјали, пошта, општ товар, но и посебни решенија.

Бергер Фарцоигтехник Г.м.б.Х Австрија не е присутно на пазарот на Република Северна Македонија и нема било каков приход од Република Северна Македонија во 2022 година.

Оваа концентрација не се однесува на ниту еден пазар во Република Северна Македонија. Надвор од Република Северна Македонија, се однесува на пазарот на Европската Економска Област (ЕЕА) за опрема за патен транспорт и продажба на неговиот потенцијален сегмент за лесни полу-приколки.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

02.10.2023 година

Скопје